**20221251705**

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ

Врз основа на член 206 став (1) алинеја 4 од Законот за внатрешни работи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 42/14, 116/14, 33/15 , 5/16, 127/16, 142/16, 190/16 и 21/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 108/19, 275/19, 110/21 и 89/22), министерот за внатрешни работи донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА НАЧИНОТ НА СЕЛЕКЦИЈА И ИЗБОР НА ЛИЦА КОИ ЗАСНОВААТ РАБОТЕН ОДНОС ВО МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ

Член 1

Во Правилникот за начинот на селекција и избор на лица кои засноваат работен однос во Министерството за внатрешни работи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 13/15 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 203/19), по членот 6 се додава нов член 6-а, кој гласи:

„Член 6-а

Кандидатите по објавениот јавен оглас од член 6 став (1) од овој правилник, пополнуваат пријава во хартиена или електронска форма, кон која ги приложуваат потребните документи, согласно закон.“.

Член 2

Во членот 7 пред зборот „Селекцијата“ се додава бројот (1).

Во алинејата 3 зборот „испит“ се заменува со зборот „тест“.

Во алинејата 4 по зборовите „ - психолошко тестирање“ се додаваат зборовите „(тест за интегритет и психолошки тест)“.

По ставот 1 се додава нов став (2), кој гласи:

„(2) Редоследот на фазите од ставот (1) на овој член по потреба, може да се менува од страна на Комисијата.

Член 3

Во член 11 во ставот (1) зборот „испит“ се заменува со зборот „тест“.

Член 4

Членот 12 се менува и гласи:

„(1) Психолошкото тестирање опфаќа спроведување на:

- тест за интегритет и
- психолошки тест.

(2) Видот и формата на тестовите од ставот (1) на овој член, се одредува од страна на стручно лице – психолог.

(3) Тестовите од ставот (1) на овој член, се спроведуваат од страна на стручни лица-психолози.

(4) Пред да се започне со спроведување на тестовите од ставот (1) на овој член на лицата им се даваат јасни упатства за начинот на пополнување и вреднување на тестовите.

(5) Психолошкиот тест е посебно изготвен тест со заштита за анонимност при неговото бодирање.

(6) По извршеното анонимно бодирање од ставот (5) на овој член, од страна на Комисијата се утврдуваат постигнатите резултати, односно бодовите за секое лице поединечно.“.

Член 5

Во член 15 во ставот (2) зборот „ранг -“ се брише.

Член 6

Во член 16 ставот (1) се менува и гласи:

„(1) При спроведувањето на фазите од селекцијата: проверка на моторички способности, писмено тестирање (стручен тест), психолошко тестирање – психолошки тест и интервју, се врши бодирање на постигнатите резултати за секој кандидат од страна на Комисијата или стручните лица кои учествувале во спроведување на соодветната фаза на селекцијата.“.

Во став (2) во алинејата 3 зборот „испит“ се заменува со зборот „тест“.

Член 7

Во членот 18 зборот „ранг -“ се брише.

Член 8

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 13.1.1-56528/1
31 мај 2022 година
Скопје

Министер
за внатрешни работи,
**Оливер Спасовски**, с.р.